ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2018 ГОДИНА НА

# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – ШТИП СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА,СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЦЕНАТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА УСЛУГА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ (531)

01 2019 06 7/2

**Скопје, февруари 2020 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 17 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 18 |
| Биланс на состојба | 19 |
| Промени во капиталот | 20 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 21 |
| - Основни сметководствени политики | 21 - 22 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 22 - 27 |
| Прилози | |
| Прилог бр.1 - Преземени обврски без спроведена постапка за јавна набавка во 2018 година | |

Кратенки користени во извештајот:

**РСМ** – Република Северна Македонија
**ЈЗУ** – Јавна здравствена установа
**Центар** – ЈЗУ Центар за јавно здравје
**МЗ** – Министерство за здравство
**МФ** – Министерство за финансии
**ФЗОРСМ** – Фонд за здравствено осигурување на Северна Македонија
**ЗЈН** – Закон за јавни набавки

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:17-315/2

Дата: 17.02.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје – Штип (во понатамошниот текст – Центар) на сметка за средствата од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) во понатамошниот текст сметката за сопствени приходи за 2018 година.

За финансиските извештаи на Центарот за 2018 година ревизијата изрази неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за оваа сметка на Центарот за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2018 година констатирано е дека:

- постојат слабости во воспоставениот систем на внатрешни контроли;
- цените кои се наплаќаат за услугите кои се однесуваат на извршување на работи од хигиенска дејност со здравствена екологија, епидемиолошка, лабораториска и социјално – медицинска дејност не се формално утврдени од страна на Институтот и за истите не е обезбедена согласност од МЗ;
- на крајот на известувачкиот период со состојба 31.12.2017 година, нецелосно е спроведен попис на средствата, побарувањата и обврските;

- во деловните книги искажани се податоци за постојани средства – градежни објекти, но истите не се усогласени со фактичката состојба и не се обезбедени уредни и веродостојни документи;
- постојат слабости во начинот на постапување и евидентирање на залихите на материјали и ситен инвентар при нивната набавка и нивното издавање;
- констатирани се неправилности во начинот на пресметка и наплатата на дел од партиципација за извршени здравствени услуги на пациенти и наплата на парични средства од МЗ по основ на извршени здравствени услуги согласно неколку програми и
- преземени се обврски во 2018 година без спроведување на постапки за јавни набавки.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 16-131/5 од 20.12.2019 година .

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 18 до 20 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствените приходи на ЈЗУ Центар за јавно здравје Штип, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2018 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за усогласеност со закони и прописи на Центарот, за годините кои и претходат на годината кој е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Центарот застапуван од:

- Д-р Марија Димитрова - вршител на должноста директор од 08.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува

законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

**2.2.** Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена (со прекини) во периодот од 05.07.2019 до 19.09.2019 година кај ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 15 октомври 2019 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 16-131/5 од 20.12.2019 година.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Внатрешни контроли

3.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат, поради нивното влијание на реалното и објективно презентирање на финансиските извештаи и усогласување на работењето со законите, упатствата и воспоставените политики, ревизијата го констатира следното:

- Не се донесени процедури за работа со кои ќе се обезбеди функционирање, следење, развој и финансиско управување и контрола за сите поважни трансакции и активности на субјектот и тоа: акт за текот на финансиската документација поврзана со расходите и приходите и извршените плаќања/наплати по истите и акт за прием и издавање на залихите на материјали и ситен инвентар.
- Не секогаш се врши ex-ante финансиска контрола со која се обезбедува состојба во која преземените финансиски обврски и извршените плаќања претходно да бидат одобрени од службено лице кое е различно од лицето овластено за плаќање. Имено, на поголем дел од доставените фактури (со исклучок на оние за кои има спроведено постапка за доделување на договори за јавни набавки) не е воспоставена контрола – систем на двоен

потпис, бидејќи на влезните фактури е потпишан само директорот.

Отсуството на процедури и ex-ante контрола не се согласно членовите 7 и 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандарди 12 и 14 од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Согласно член 92-а од Законот за здравствената заштита, ЈЗУ треба да водат евиденција на медицинската опрема со која располагаат и со која ја вршат здравствената дејност, која треба да му послужи на Центарот и МЗ при планирање на користење на постојната медицинска опрема и за планирање на набавка на нова медицинска опрема. За таа цел, во март 2015 година министерот за здравство донел Правилник за начинот на водење на евиденцијата на медицинската опрема, како и видот, формата и содржината на обрасците за водење на евиденцијата на медицинската опрема. Со увид во воспоставената евиденција на медицинска опрема ревизијата утврди дека истата се води во хартиена и електронска форма, но нивната содржина се разликува од обрасците пропишани согласно Правилникот. Исто така, евиденцијата на медицинската опрема не се води во интегриран здравствен информатички систем, што не е согласно член 92-а став 4 од Законот за здравствената заштита и член 3 од Правилникот.

**Препорака:**

Одговорното лице на Центарот во соработка со надлежното министерство да преземат активности за имплементација на интегриран здравствен информатички систем за медицинската опрема.

3.2.2. Центарот, како дел од здравствениот систем на РСМ врши превентивно здравствено заштитна дејност која опфаќа вршење на работите на санитарно – хигиенска дејност со здравствена екологија, епидемиолошка, лабораториска и социјално – медицинска дејност[1]. Услугите кои ги наплатува Центарот во 2018 година се регулирани со ценовник кој не е потпишан и не е архивски заверен. Овие цени согласно член 39 од Законот за јавно здравје, требало да бидат утврдени од страна на Институтот, односно Центарот, а за истиот согласност дава МЗ. Оваа состојба може да предизвика субјективизам во начинот на определување на цените, поради што постојат ценовни разлики во

[1] Санитарни прегледи, вршење на дезинсекција, дератизација и дезинфекција, бактериолошко и хемиско испитување на вода, на намирници на храна, контрола на стерилност-брисеви, брис од површина и садови и сл.

услугите што ги даваат различни центри на територија на РСМ. Во текот на ревизијата, во септември 2019 година, Управниот одбор на Центарот донел Одлука за усвојување на официјален ценовник за услугите на Центарот и според доставената усна информација истиот е проследен до надлежните институции за обезбедување согласност. Поради тоа ревизијата не дава препорака.

## 3.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.3.1. На крајот на 2018 година, претседателот на Управниот одбор на Центарот донел Одлука за формирање и именување на комисија за редовен годишен попис на основни средства, ситен инвентар, залиха на материјали, парични средства во каса, побарувања и обврски во ЈЗУ ЦЈЗ Штип, со подрачните служби во Радовиш и Пробиштип, по што директорот на Центарот донел решение и дал насоки за вршење на попис. Ревизијата констатира дека спроведениот попис е нецелосен, односно:

- Комисијата за попис извршила попис само на паричните средства во благајната, натурален попис на опремата по одделенија, ситниот инвентар со кој располага Центарот и реагенсите, додека не е извршен попис на градежните објекти, нематеријалните средства, залихата на вакцини и друг медицински материјал, побарувањата и обврските.
- За оние средства за кои е извршен попис, Комисијата за попис во пописните листи не ги внела паричните вредности на средствата и не направила усогласување на нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот.
- Комисијата за попис на побарувањата и обврските не го утврдила правниот основ за нивно постоење, не потврдила дали и какви мерки се преземени од одговорните лица за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години и не ги потврдила причините за неизмирените обврски спрема добавувачите.

Нецелосно извршениот попис на средствата и нивните извори и отсуство на усогласување на состојбата искажана во сметководството со фактичката состојба, не е согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

Директорот на Центарот да преземе мерки, најмалку еднаш годишно да се врши утврдување на фактичката состојба на сите средства и обврски и да спроведе усогласување на нивната состојба искажана во сметководството.

3.3.2. Со извршениот увид во деловните книги и документацијата за градежните објекти утврдени се следните состојби:

- Центарот не располага со соодветен документ, односно Одлука од Влада на РСМ со која градежните објекти се дадени на користење на Центарот - трајно или привремено, имотен/поседовен лист за сопственоста на градежните објекти кои ги користи во Штип (површина од 555$m^2$), Пробиштип (површина од 60$m^2$) и Радовиш (површина од 30$m^2$);
- Во периодот февруари-април 1994 година склучени се три договори за делбен биланс помеѓу тогашните Медицински центар Штип, Здравствен дом Пробиштип и Здравствен дом од Радовиш од една страна и ЈЗО Завод за здравствена заштита Штип (поранешен назив на Центарот) од друга страна. Со одредбите во овие договори определено е колкава површина и дел од движните ствари му се отстапуваат на користење на Центарот, во чии рамки како подрачни одделенија се Пробиштип и Радовиш. Во сметководствената и материјалната евиденција на Центарот евидентирана е набавна вредност во износ од 13.484 илјади денари само за градежниот објект во Штип, но не и за градежните објекти кои ги користат подрачните одделенија во Пробиштип и Радовиш. За вредноста на евидентираниот градежен објект, надлежните лица информираа дека претставува пренесена вредност од минато и за истата не поседуваат веродостојни документи;
- Просторијата што ја користи Центарот на петтиот кат во зградата во Штип не е составен дел на склучениот договор за делбен биланс помеѓу тогашните Медицински центар Штип и ЈЗО Завод за здравствена заштита Штип, и обратно просторијата на приземје која им е доделена не се користи за нивни потреби.

Отсуството на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи со кои ќе може да се поткрепат наведените состојби, не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и истовремено претставуваат причина поради која ревизијата не беше во можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните податоци на позицијата градежни објекти во финансискиот извештај – биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Одговорното лице во Центарот да преземе мерки за обезбедување на документи за определување на сопственички статус на објектите кои ги користи и да спроведе проценка на објектите, заради утврдување на објективната вредност.

3.3.3. Со извршената ревизија на финансиската и материјалната евиденција на набавените материјали и ситен инвентар, нивниот прием, складирање и издавање, извршениот попис, како и воспоставените контроли и нивното функционирање во овој процес ги утврдивме следните состојби:

- Не е донесена Процедура за начинот на прием, евидентирање и издавање на залихите на материјали и ситниот инвентар, ниту Одлука за начинот на вреднување на залихите на материјали и ситен инвентар на залиха и во употреба;
- При набавка на реагенси, лабораториски и санитетски материјал во софтверот за материјална и финансиска евиденција се внесува набавената количина и потрошокот на истата, иако истите не се дадени во употреба, односно не се потрошени. Поради вака воспоставениот систем на евиденција на залихите, во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31.12.2018 година не е прикажано салдо на сметката Залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар, иако реално има непотрошени залихи на материјали, што е потврдено со извршениот попис од страна на пописната комисија;
- Согласно член 11 од Законот за јавно здравје, Центарот меѓу другото врши активна и пасивна имунизација на населението, поради што во текот на 2018 година, преку спроведени две постапки за групна набавка, набавени се 1.100 дози вакцини за заштита од сезонски грип за комерцијална употреба. На почеток на месец ноември 2018 година, откако наведената количина се потрошила, МЗ во рамките на бесплатната вакцинација против сезонски грип до Центарот извршила дистрибуција на 1.700 вакцини кои првично биле наменети за приоритетни групи, односно лица кои исполнуваат одредени услови[2]. На крај на месец декември 2018 година Владата на РСМ донела заклучок со што дотогашните услови за добивање на бесплатна вакцина се прошируваат, односно приматели на бесплатна вакцина можеле бидат и лица над 65 годишна возраст со просечна пензија и пензија под просечната, како и лица без пензија. Одредена количина од добиените вакцини од МЗ била пренаменета за комерцијални потреби на Центарот,

[2] Деца со ретки болести, возрасни лица сместени во установи за постојано згрижување и лица над 65 години со хронични заболувања.

поради тоа што набавените вакцини за комерцијални потреби се потрошиле веднаш, додека пак голем дел од населението кое сакале и барале да се вакцинираат не го исполнувале првично поставениот услов за добивање на бесплатна вакцина. Со увид во сметководствената евиденција на Центарот, ревизијата утврди дека не е воспоставена материјална и финансиска евиденција за набавените вакцини за комерцијални потреби, ниту за добиените вакцини од страна на МЗ наменети за бесплатна имунизација на населението. Поради наведеното не бевме во можност да го утврдиме точниот број на примени и потрошени, како и салдото на непотрошените вакцини на крајот на годината по двата основа, ниту да ги потврдиме податоците за бројот на примени и потрошени вакцини наведени во прегледите кои Центарот ги доставува до Институтот за јавно здравје и МЗ;
- Не е воспоставена финансиска и материјална евиденција за набавениот канцелариски материјал и средства за одржување на хигиена.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници како и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и имаат влијание на нереално и необјективно искажување на состојбата на залихата во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорните лица во Центарот кои се вклучени во процесот на нарачка, прием, складирање, издавање и сметководствено евидентирање на залихите во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:
- Да се донесе Процедура за начинот на прием, евидентирање и издавање на залихите на материјали и ситниот инвентар и Одлука за начинот на вреднување на залихите на материјали и ситен инвентар на залиха и во употреба;
- Да се воспостави целосна и ажурна материјална и сметководствена евиденција за набавените реагенси, лабораториски и санитетски материјал, канцелариски материјал и средства за одржување на хигиена и
- Да се воспостави материјална и сметководствена евиденција за набавените вакцини за заштита од сезонски грип и за бесплатните вакцини добиени од МЗ.

**Биланс на приходи и расходи**

3.3.4. Како резултат на несоодветно воспоставениот систем на интерни контроли, ги утврдивме следните состојби:

- Ревизијата констатира дека во текот на 2018 година се извршени сторна/корекции на реализираниот дневен промет преку фискалните каси во вкупен износ од 1.552 илјади денари, без притоа документирано да се наведат причините за извршените корекции;
- Во дел од доставените фактури за одржување на возила недостасуваат работни налози со назнака за кое службено возило се однесува услугата;
- Патните налози за користење на службените возила не секогаш се целосно и уредно пополнети со внесување на податоци за релација на која се патува, време на поаѓање и враќање , километража при поаѓање/враќање;
- Во неколку наврати спроведени се плаќања/наплати со документ - изјава за компензација, но во содржината на документот недостасуваат информации за основот на обврската која се плаќа и побарувањето кое се наплатува;
- За службениот пат во странство за едно вработено лице недостасува решение и налог за службен пат, извештај од реализирано службено патување, што не е согласно членовите 5 и 24 од Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци. Во прилог на документацијата недостасува покана или агенда за потврдување на целта на патувањето. Во пополнетиот патен налог постои временско не совпаѓање меѓу користениот такси превоз до Штип и времето на враќање наведено во патниот налог (4 часа подоцна).

Отсуството на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи со кои ќе може да се поткрепат наведените состојби, не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и може да влијаат на ненаменско и законското трошење на буџетски средства.

**Препорака:**

Раководителот на субјектот да:

- преземе мерки за донесување на јасни и комплетни пишани процедури и постапки, за сите значајни активности, во кои ќе бидат опфатени компонентите за финансиско управување и контрола;
- обезбеди целосна, веродостојна и уредна документација врз основа на која се спроведуваат трансакциите за плаќање.

3.3.5. Во текот на 2018 година склучени се 14 договори со надворешно лице – вршител на услуга со цел негово ангажирање за вршење на консултантски услуги од областа на јавните набавки и поддршка на ЕСЈН. По склучување на договорот, се издава налог за извршување на услугата и одлука за исплата на средствата, откако истата е завршена, донесени од директорот на Центарот. За таа цел од сметката Договорни услуги исплатени се 179 илјади денари на име надомест и персонален данок. Поединечните износи кои биле платени се движат од 6 до 26 илјади денари, при што усно е образложено дека истите зависеле од бројот, видот и вредноста на постапките за доделување на договори за јавни набавки. При тоа, на ревизијата не и беа презентирани докази дека Управниот одбор на Центарот го разгледал ова прашање, значајно за тековното работење на Центарот и за истото донел одлука и се согласил со критериумите воспоставени за исплата на средствата, што не е согласно член 17, алинеја 18 од Статутот на Центарот.

Истовремено, ревизијата констатира дека ваквиот начин на постапување не е согласно одредбите од ЗЈН. Имено, во член 29-а од ЗЈН е уредено дека договорниот орган (Центарот) определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки, и истото треба да е вработено кај договорниот орган и да е обучено за вршење на работите од областа на јавните набавки, односно да има соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки. Во текот на 2018 година во центарот нема вработено лице за јавни набавки, но оваа состојба е надмината во мај 2019 година. Исто така, во член 30 од ЗЈН е уредено дека, доколку се ангажира надворешно стручно лице, неговите активности може да бидат насочени само кон обезбедување помош на комисијата со цел да и олеснат во одлучувањето при проверување и евалуација на техничките, финансиските и други работи поврзани со понудите, за што изготвуваат извештај.

Наведените состојби укажуваат на несоодветно користење на буџетски средства.

**Препорака:**

Раководното лице во Центарот во случај кога ангажира надворешно стручно лице неговите активности да ги насочи во давање помош на комисијата во одлучувањето при евалуација на понудите и за истото да се изготви извештај.

3.3.6. На сметката Такси и надоместоци евидентирани се остварени приходи од наплатена партиципација за извршени здравствени услуги. Со увид во деловните книги ревизијата ги констатира следните состојби:

- Постојат случаи за кои ревизијата не беше во можност да се увери во точноста на цената која е користена за дадена услуга и начинот на кој е направена пресметката. Имено, во 2018 година пресметките биле изготвени рачно од страна на надлежното вработено лице, додека во 2019 година со набавката на софтвер за оваа цел пресметките автоматски се генерираат во зависност од услугата;
- Со определени корисници склучени се договори за давање услуги каде меѓу другото е определен попуст од 20% од цената на услугата. Раководното лице усно не информираше дека овој попуст го добиваат коминтенти со кои соработуваат неколку пати во годината, во подолг временски период. За оправданоста на ваквиот начин на постапување, на ревизијата не и беше презентирана одлука од Управен одбор;
- Во Извештајот од извршената контрола на финансиското работење на Центарот издаден од ФЗОРСМ истакнато е дека во дејноста микробиологија и паразитологија, евидентирана е наплатена партиципација на товар на осигурени лица, при што наплатениот износ не соодветствува (најчесто е помал) со износот на издадената потврда за партиципација (квитанција). Како образложение за овој начин на постапување е донесената интерна Одлука за висината на износот со кој осигурените лица учествуваат во вкупните трошоци на здравствените услуги во специјалистичко – консултативната здравствена заштита со утврдени референтни цени од мај 2012 година, кои цени отстапуваат од официјалната одлука[3] објавена во Службен весник на РМ. При тоа, највисокиот износ на партиципација е ограничен на 450 денари, со што остварениот приход е во помал износ и направена е штета на здравствената установа. Со набавката на софтвер, воспоставена е автоматска пресметка на партиципација, со што оваа состојба во 2019 година е надмината.

Наведените состојби укажуваат на несоодветно воспоставен систем за наплата на партиципација од корисниците на услугите во 2018 година, кој овозможувал неточно и нецелосно остварување на приходи.

**Препорака:**

Одговорното лице во Центарот да воспостави соодветна контрола и надзор во однос на начинот на кој се пресметува партиципацијата која треба да ја плаќаат корисниците на услугите и да продолжи со преземените мерки и активности за воведување на електронски систем за пресметка и наплата.

[3] Одлука за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствени услуги донесени од страна на фондот (Сл. весник на РМ бр.95 од 14.07.2011 година и нејзините измени Сл. весник на РМ бр.20/2012 и 54/2012).

Секоја одлука поврзана со остварениот приход да биде соодветно одобрена од Управниот одбор на Центарот.

3.3.7.Владата на РСМ согласно Законот за здравствената заштита донесува и објавува програми за здравствена заштита со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување, извршители на активностите како и финансиски средства за остварување на програма и тоа за осигурени и не осигурени лица. Исплатата на средствата се врши квартално од страна на МЗ, врз основа на доставени фактури и верифицирани извештаи од страна на извршителите на активностите.

Со увид во сметководствената евиденција на сметката Побарувања од буџетот ревизијата го утврди следното:

- Во текот на 2018 година од страна на Центарот не е извршено фактурирање до МЗ за извршените здравствени услуги опфатени со Програмите за :
  - организирање и унапредување на крводарителството во РСМ,
  - задолжително здравствено осигурување на државјаните на РСМ кои не се задолжително здравствено осигурени во РСМ и
  - активна здравствена заштита на мајките и децата во РСМ.

Причина за оваа состојба е не воспоставена соодветна компјутерска евиденција за извршените услуги по наведените програми. Наведената состојба влијае на реалното и објективното прикажување на состојбата на побарувањата по овој основ и износот на наплатените средства од МЗ.

Ревизијата не дава препорака за надминување на утврдената состојба поради тоа што во 2019 година Центарот воспоставил компјутерска евиденција за извршените услуги по наведените програми и доставил квартални фактури до МЗ.

Ревизијата констатира дека Центарот не фактурира на МЗ за извршените лабораториски и микробиолошки услуги на доенчиња до 1 годишна возраст поради тоа што овие услуги не се опфатени со Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во РСМ. Со оваа програма се обезбедуваат средства за партиципација при користење на здравствена заштита на родилките и доенчињата до 1 годишна возраст само за одредени основни здравствени услуги наведени во програмата, но не и за услугите кои ги пружа Центарот. Од друга страна, за наведените услуги Центарот не наплаќа партиципација од пациентите, поради тоа што со преземање на упатот во системот Мој термин се прикажува дека овие услуги се ослободени од партиципација. Поради наведените состојби извршувањето на овие услуги паѓа на товар на средствата на Центарот.

**Препорака:**

Одговорните лица на Центарот во соработка со МЗ, да ја разгледаат можноста со Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата, да се вклучат услугите извршени од страна на Центарот и за истото да се обезбедат средства за партиципација.

**3.4. Користење на средствата согласно законски прописи**

3.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2017 и 2018 година, а по кои се преземени обврски во 2018 година, извршивме анализа на расположливите податоци и ревизија на 7 постапки за јавни набавки. Со тоа, опфативме 80% од вкупно преземените обврски во износ од 16.182 илјади денари кои подлежат на ЗЈН. Преземени се обврски во износ од 542 илјади денари за набавка на стоки, услуги и работи без да бидат спроведени постапки за јавна набавка што не е во согласност со членовите 16, 17 и 18 од ЗЈН и член 27, со кој не е дозволено делење на договор за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност, а со цел да се избегне одредена постапка согласно законот (Прилог бр.1). Воспоставениот начин на постапување претставува несоодветна примена на одредбите од ЗЈН и можност за несоодветно и нерационално користење на буџетски средства.

**Препорака:**

Одговорните лица во Центарот да ги задолжат вработените одговорни за спроведување на постапките за доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги преземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и да обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точка 3.4., кои се основ за изразување мислење, се :

- слабости во воспоставениот систем на внатрешни контроли;
- цените кои се наплаќаат за услугите кои се однесуваат на извршување на работи од хигиенска дејност со здравствена екологија, епидемиолошка, лабораториска и социјално – медицинска дејност не се формално определени од страна на Институтот и за истите не е обезбедена согласност од МЗ;

- не е спроведен целосен попис на средствата и обврските на крајот на известувачкиот период со состојба 31.12.2018 година;
- во деловните книги искажани се податоци за постојани средства – градежни објекти, но истите не ја рефлектираат фактичката состојба и не се обезбедени уредни и веродостојни документи;
- утврдени се недоследности при приемот, складирањето и издавањето на материјалите и ситниот инвентар и нивното евидентирање;
- констатирани се неправилности во склучен договор за дело, во начинот на пресметка и наплатата на дел од партиципација за извршени здравствени услуги на пациенти и наплата на парични средства од МЗ по основ на извршени здравствени услуги согласно неколку програми и
- преземени се обврски во 2018 година без спроведување на постапки за јавни набавки.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈЗУ Центар за јавно здравје Штип на ден 31 декември 2018 година, како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.2. и 3.4. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на ЈЗУ Центар за јавно здравје Штип, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Останати прашања

5.1. Центарот располага со неколку апарати за лабораториски испитување на кои се вршат повеќе видови на анализи. Апаратите се со затворени системи, односно користат тестови, реагенси и потрошен материјал кои ги обезбедува економскиот оператор од кој истите се набавени или пак само еден економски оператор поседува ексклузивно право за продажба на реагенсите. Во годината предмет на ревизија исплатени се средства во износ од 9.129 илјади денари врз основа на спроведени постапки за јавна набавка во кои како единствен понудувач се јавил

економскиот оператор од кој се набавени апаратите или пак економскиот оператор кој поседува ексклузивно право за продажба на реагенсите. Поради немање на услови да се врши намалување на цената преку електронско негативно наддавање се прифаќа цената која е дадена во понудата на единствениот понудувач. Вака воспоставениот начин на обезбедување на апаратите за вршење на лабораториски испитувања и спроведување на набавките за тестови, реагенси и потрошен материјал не овозможува конкуренција, спроведување на електронска аукција и соодветно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка што не е во согласност со член 2 од Законот за јавните набавки.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА

**сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло -жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 20.001 | 18.477 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 1.902 | 2.249 |
| **Вкупно приходи** | | **21.903** | **20.726** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.3.1. | 292 | 182 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 15.127 | 12.720 |
| Субвенции и трансфери | | 0 | 8 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **15.419** | **12.910** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.3. | 4.699 | 1.538 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 4.699 | 1.538 |
| **Вкупно расходи** | | **20.118** | **14.448** |
| **Вишок на приходи** | | 1.785 | 6.278 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2018 ГОДИНА

**сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.803 | 6.291 |
| Побарувања | 4.1.2. | 2.728 | 2.211 |
| Побарувања од вработените | | 0 | 7 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 401 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 343 | 335 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5.275** | **8.844** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2. | 463 | 0 |
| Материјални средства | 4.2. | 16.211 | 14.267 |
| **Вкупно постојани средства** | | **16.674** | **14.267** |
| **Вкупна актива** | | **21.949** | **23.111** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 343 | 221 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 0 | 114 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 4.932 | 8.509 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **5.275** | **8.844** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА

**сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)**

во 000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | **14.267** | - | **14.267** |
| **Зголемување по основ на:** | **4.699** | **9.813** | **14.512** |
| Набавки | 4.699 | 9.813 | **14.512** |
| **Намалување по основ на:** | **2.292** | **9.813** | **12.105** |
| Дадени ситен инвентар во употреба | - | 9.813 | **9.813** |
| Амортизација | 2.292 | - | **2.292** |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **16.674** | - | **16.674** |